# ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0102 - 308/3
19. 9. 2025 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ



# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## на училиштето за периодот 2023 - 2025 година



септември 2025

# септември 2025

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ период 2023 - 2025 година

Врз основа на Законот за основното образование член 129 и член 113 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ број 169/2019) и Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование член 42 („Службен весник на РСМ“ број 3/2025) Општинското основно училиште „Свети Кирил и Методиј“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 - 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 5.5.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Дејан Димовски – предметен наставник
- Јасмина Мишева – одделенски наставник
- Кети Димкова– одделенски наставник
- Елена Велкова – стручен соработник, педагог
- Елеонора Масевска Илиева - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај – јуни 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Елена Гавевска, одговорна за тим, Лидија Миланова, Маријана Стројманова, Иле Михајловски, Анастазија Саздова, Весна Кралева, Соња Младеновска - родител |
| 2. Постигања на учениците | Светлана Митрушов, одговорна за тим, Јасмина Б. Кралева, Верка Давчева, Славица |

| | |
|---|---|
| | Конева, Фимка Арапиноска, Андријана Петрушева, Фросина Глигорова - родител |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Сања Накова, одговорна за тим, Билјана П. Ладева, Валерија Маџова, Кате Милошевска Митев, Даниела Петкова, Марија И. Зафирова, Фросина Трајчева - родител |
| 4. Управување и раководење | Жаклина Трајанова, одговорна за тим, Саша Мицевска, Даниела Јанева, Татјана Апостолова, Дијана Д. Тосева, Александра Рисафова, Елена Златева - родител |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 18.9.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Планирањето на наставата ги вклучува сите потребни елементи за подготовка за изведување на наставен час. Наставата се одвива редовно согласно распоредот па учениците ги имаат сите наставни часови. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на педагогот. Поголем дел од наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручниот актив на одделенски наставници. Постои соработка помеѓу наставниците, директорот и стручната служба. Наставниците задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Расположливите ресурси во училиштето се употребуваат на функционален начин. Примената на современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми многу почесто се применува на поголем дел од часовите во настава. Скоро сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите и честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив. Учениците имаат услови да учат во мотивирачка, безбедна средина за учење.<br><br>Училиштето обезбедува услови за учество на ученикот со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно неговите интереси и е обезбедена образовна асистенција. Има ученици кај кои се идентификува потребата од образовна асистенција и навремено е доставено барање за соодветна поддршка до надлежниот Ресурсен центар, но не е обезбедено. Наставниот кадар соработува со образовниот асистент во најдобар интерес на ученикот. Во училиштето има тим за меѓуетничка интеграција и се спроведуваат МИО активности со партнер училиштето. Најголем дел од анкетираните фокус групи и фокус групите со кои се спроведе дискусија (ученици, наставници, родители) го оценуваат училиштето како стимулативна, мотивирачка средина за учење.<br><br>Учениците и родителите редовно се информираат за критериумите на оценување и оцената по секој предмет индивидуално од наставникот. Освен редовна настава на учениците им се нудат и воннаставни активности. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.<br><br>Преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти со учениците, систематските прегледи и разговор со родителите, училиштето ги открива учениците со физички, ментални, здравствени или емоционални проблеми, и во соработка со релевантните институции пристапува кон преземање соодветни мерки за прилагодување на учениците и решавање на настанатите потешкотии. Односите |

| |
|---|
| помеѓу учениците, наставниците и родителите се градат на заемно почитување и доверба. |
| **Силни страни**<br><br>Сите наставници имаат изработено квалитетни годишни глобални и тематски планирања, слободни ученички активности, воннаставни активности, додатна и дополнителна настава, Еко планирања, планирања за активите, планирања за екскурзии, родителските средби, интегрирани планирања и планирања за учениците со потешкотии во учењето. Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците. Континуирано изработуваат дневни планирања/ сценарија. Стручната подготовка и усовршувањето на наставниците придонесуваат за подобрување на креативното развивање на учениците и нивната мотивираност.<br>Училиштето води континуирана грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и Локалната средина. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот и постои севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност. Грижа за здравјето и безбедноста на учениците.<br>Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците и можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели, применуваат формативно оценување. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Реализирање на дополнителна и додатна настава. Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства и континуирано се прават хуманитарни акции за помош на истите.<br>Постои соработка со родителите и локалната средина за успешно реализирање на повеќе наставни и воннаставни активности.<br>Се реализираат проекти кои промовираат тимска работа, истражувачки активности и демократски постапки на однесување на учениците. Учество на учениците на училишни , општински, регионални и државни натпревари, конкурси и др.<br>Навремена детекција на проблемите и потешкотиите со кои се справуваат учениците и соодветно постапување.<br>Родителите редовно и навремено се информират за постигањата на учениците ( пристап до Е- дневник). Запознаени се со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности и се сложуваат дека изборните предмети / активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. |
| **Слаби страни**<br><br>На прашањето ,,Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти)” 22% од учениците не се согласуваат, 11% немаат информации, 3% целосно не се согласуваат. |

На прашањето ,,Сум бил вклучен во активности заедно со ученици од други култури ( од моето или друго училиште), 22% од учениците не се согласуваат, 11% немаат информации, 2% целосно не се согласуваат.

**Приоритети**

Училиштето да нуди поголем избор на воннаставни активности за учениците.
Поголема вклученост на учениците во активности заедно со други култури (од нашето или друго училиште).
Во училиштето недостасуваат противпожарни скали и ознаки, со кои ќе се даде насока за евентуална евакуација.
Непристапни простории за ученици со телесна попреченост во централното и подрачното училиште.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Подрачјето Постигања на учениците ги опфаќа следните индикатори за квалитет: постигања на учениците и задржување и осипување на учениците.

Во состав на ова подрачје спаѓаат темите: Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди, Резултати од екстерни тестирања, Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост, Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците, Опфат на учениците, Редовност во наставата, Осипување на учениците, Премин на ученици од едно во друго училиште.

**Силни страни**

- Континуирано, интегрирано на часовите, транспарентно и реално оценување на постигањата на учениците според стандарди и критериуми,
- Користење на активни методи и техники на учење и поучување,
- Користење на разни постапки за следење и вреднување ( вклучување на учениците во процесот на оценување ),
- Континуирано следење и вреднување на напредокот и постигањата на учениците по пол , етничка припадност,
- Редовно информирање на родителите и учениците за постигнатиот успех ( пристап до Е-дневник),
- Реализирање на дополнителна и додатна настава,
- Учество на учениците на училишни , општински , регионални и државни натпревари , конкурси и др.

**Слаби страни**

- Непостоење на програма за работа со надарени ученици на републичко ниво.

**Приоритети**

| |
|---|
| Вклучување на родителите и надворешни стручни лица во процесот за подобрување на постигнувањата на учениците во целиот воспитно образовен процес. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Во училиштето владее добра клима и тоа е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Во училиштето постои усвоен Кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Во училиштето е изработен Правилник со кој се пропишани педагошките мерки за однесувањето на учениците. Училиштето има демократски формиран ученички парламент кој учествува во разгледувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците како и во отворените денови и сл. На овие средби се разгледуваат прашања кои се врзани со училишниот живот на учениците: наставните програми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците, активности и проекти кои ги реализираат учениците и сл. |
| **Силни страни**<br><br>➢ Во училиштето владее добра клима и тоа е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Сè ова се потврдува и со спроведената анкета, при што на тврдењето дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка целосно се согласуваат 91% од наставниците кои се вработени во училиштето. Дека нивното дете е прифатено и почитувано во училиштето целосно се согласуваат 71% и се согласуваат 26% од родителите. Дека во училиштето владее добра клима за работа се потврдува и од страна на учениците, со 90% потврдни одговори на ова тврдење. Нашите ученици имаат високи постигнувања на спроведените натпрвари на општинско, регионално и државно ниво.<br>➢ Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>➢ Во училиштето има добра соработка меѓу сите наставници, посебно оние кои предаваат сродни предмети, што се потврдува и со спроведената анкета на |

наставниците со 91% потврдни одговори дека меѓусебната соработна е на одлично ниво.

- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот;
- Училиштето системски го следи почитувањето на Куќниот ред на училиштето и Кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес. Вкупно 80% сметаат дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.
- Учениците секогаш се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални, државни и меѓународни натпревари и манифестации за што сведочат бројните освоени награди на учениците;
- Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците;
- Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските/ класните раководители и родителите на учениците. Во таа насока педагошката служба редовно ја следи работата на наставниците и нивното залагање кон учениците;
- Наставниците покажуваат позитивни и мотивирачки ставови кон учењето и работата со учениците;
- Наставниците и учениците отворено разговараат, се прифаќаат, ценат и ја негуваат еднаквоста на секоја личност без разлика на етничката, верската, националната и друга припадност. На спроведената анкета 83 % од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од страна на наставниците и 17% од нив се согласуваат со оваа констатација. Вкупно 71% од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од страна на останатите ученици и 26% од нив се согласуваат.
- Наставниците сметаат дека на родителите целосно им се достапни информациите за сите училишни активности;
- Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби или со пристап во е - дневникот), па може да се истакне дека меѓусебната соработка е на завидно ниво;

**Слаби страни**

- Родителите се вклучени во активностите на училиштето, но соработката од нивна страна е делумна, посебно во однос на проблемите со родителите на учениците што покажуваат послабо поведение и послаб успех.
- Оброк за учениците (ужинка) во училиште.

**Приоритети**

- Обезбедување на квалитетен оброк (ужинка) за учениците.
- Подобрување на соработката со родителите за подобрување на дисциплината, успехот и моралното однесување;

- Соработка со родители, преку организирање работилници и советувања, посебно со оние родители чии деца се со послаб успех;
- Соработка со други училишта, училишта од мешан етнички состав.

| Подрачје 4: Управување и раководење |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Според Законот за основно образование, орган за управување на училиштето е Училишниот одбор и е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Состаноците се свикуваат со доставување лични покани, предлог дневен ред и предлог - одлуки до членовите на УО. Седниците се оддржуваат редовно согласно програмата за работа на УО и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Раководниот орган има јасна визија за потребите на училиштето и истото го спроведува со добро разработена стратегија каде што делува и ги опфаќа сите страни од животот на училиштето.<br><br>Раководниот орган има изградено професионален однос кон работата и способност да раководи со вработените ефективно, да комуницира и да ги задолжува со ефективни работни задачи што се заснова врз најнови знаења и вештини и придонесува за успешно совладување на промените во образовниот процес. Раководниот тим меѓусебно и со другите вработени соработува во размена на идеи и разрешување на проблемите.<br><br>Раководниот орган дава целосна поддршка на реализација на Планот на активностите (разубавување на училишниот простор со цвеќе, рекреативни трки, кампања за здрава храна, собирни акции на хартија и пластика и др. Други органи во училиштето се: Наставнички совет, Совети на предметни и одделенски наставници, Активи на наставници, Совет на родители, Комисии, Ученички парламент и др. Односот на раководниот тим кон овие структури е добар. Информациите и одлуките, зависно од карактерот, се соопштуваат транспарентно на формални средби, огласни табли и сл. Училишната политика е јасно креирана со документите за работа во Училиштето - Годишната програма, Развојниот план, Статутот на училиштето. Јасноста на целите на училишната политика се гледа и во јасната и концизна мисија и визија на училиштето која транспарентно е поставена во училиштето. Во реализација на целите училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадар, наставници, ученици, локална самоуправа и др.).<br><br>Целите на училиштето се во согласност со целите за реализација на Планот за активности од еколошката програма со која се запознаени членовите на Еко одборот и сите вработени.<br><br>Училишната политика се планира преку Развојниот план на училишето кој се донесува на секои четири години. Во изготвување на Развојниот план учествува |

| |
|---|
| директорот на училиштето, работниот тим за изработка на Развојниот план. Планот се усвојува од Наставничкиот совет и Училишен одбор.<br><br>Развојното планирање е фундамент во определбата на целите и задачите на Годишната програма за работа на училиштето. Согласно Законот за основно образование се врши периодично планирање врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Податоците се релевантен показател и преку нивна систематизација и проценка се врши одредување на приоритетите. Собирањето на податоците се врши преку систематизирање на емпириски показатели, но и субјективни мислења искажани преку анкетни прашалници, конципирани според структурата на проблематиката.<br><br>Целиот воспитно-образовен кадар во училиштето учествува на сите обуки за професионално напредување што се организирани од МОН, БРО и од други организации. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува во зависност од финансиските средства. Училиштето обезбедува средства за оддржување на наставните помагала.<br><br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата. Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрување на инфраструктурата<br><br>Односите меѓу учениците, наставниците и родителите се градат врз основа на взаемно почитување и доверба.<br><br>Постои добра информираност за професионалната ориентација на учениците.<br><br>Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во е-дневниците, главните книги и евидентните листови и истата им е достапна на родителите. |
| **Силни страни**<br><br>➢ Училиштниот одбор редовно оддржува седници и успешно соработува со раководниот орган, Советот на родители, локалната заедница и други институции.<br>➢ Постои добра соработка помеѓу директорката на училиштето, претседателот и членовите на Училиштниот одбор.<br>➢ При вршењето на раководната функција директорката идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>➢ Директорката воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето.<br>➢ Директорката на училиштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. |

- Инфраструктурата на училиштето во голем дел ги задоволува потребите и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите.
- Голем дел од родителите се задоволни од раководењето на училиштето.
- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца преку: родителските средби, е-дневник и пишани информации.
- Директорката се раководи од визијата и мисијата на училиштето.
- Набавени се нагледни средства, помагала, смарт табли, печатари и друга компјутерска опрема за ефективна настава.
- ИКТ технологијата се користи во наставниот процес и училиштето е целосно покриено со стабилна интернет конекција.
- Сменета е електричната инсталација во училниците и подобрено е осветлувањето на училниците.
- Има програм-база на податоци за електронско водење на библиотечната евиденција во училишната библиотека.
- Адаптирана и опремена сензорна соба за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Училиштето применува образовни политики усогласени со државната и локалната стратегија, насочени кон квалитетна настава, ученички успех и безбедна средина.
- Се реализираат проекти и активности со активно учество на сите засегнати страни, поддржани со правилници и транспарентна промоција.
- Наставниците и стручната служба посетуваат обуки за надградување и усовршување.
- Учениците се оценуваат јавно и објективно.
- Се следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето.
- Наставниците подеднакво ги стимулираат учениците независно од полот и различните стилови на учење.
- Давање на соодветна помош на учениците и упатување во насока на совладување на потешкотиите во наставата.
- Училиштето има изготвено голем број на правилници и кодекси кои ги уредуваат односите на учениците, наставниците, родителите и соработниците.
- Училниците се целосно реконструирани, сменета е електричната инсталација и подобрено е осветлувањето.
- Подобрени се условите за работа во спортската сала со целосно реконструирање на истата и замена на прозорците.
- Зголемена е безбедноста за движење по скалите во училиштето со поставување на високи огради.
- Направена е целосна реконструкција на кровот на училиштето со високо квалитетна изолација.
- Училиштето применува правилник за прогласување на Првенец на генерацијата и Достоинство на генерацијата како и Најдобар наставник на годината.

| |
|---|
| ➢ Локална самоуправа ги наградува успешните ученици и наставници. |
| **Слаби страни** |
| ➢ Потребна е реконструкција на подрачното училиште во село Долно Ѓуѓанци. |
| **Приоритети** |
| ➢ Подобрување на условите за работа во подрачното училиште во с. Долно Ѓуѓанце. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Комисија за спроведување на СЕУ:

Дејан Димовски – предметен наставник

Јасмина Мишева – одделенски наставник

Кети Димкова– одделенски наставник

Елена Велкова – стручен соработник, педагог

Елеонора Масевска Илиева - родител